**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на контрола од страна на ФЕНИКС Германија Холдинг ГмбХ, Германија над ХАЕМАТО Фарм ГмбХ, Германија**

**(предмет бр. 08-153 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 28.10.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое ФЕНИКС Германија Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Фингствајдштрасе 10–12, Германија планира да стекне единствена контрола врз ХАЕМАТО Фарм ГмбХ, Лилиентхалштр со регистрирано седиште на Лилиентхалштр. 3а, D-12529 Шенефелд, Германија.

-**ФЕНИКС Германија Холдинг ГмбХ** е дел од Групацијата на компании ФЕНИКС ("**Групацијата ФЕНИКС**"), во сопственост на и управувана од крајното матично претпријатие на групацијата – ФЕНИКС Фарма СЕ (*PHOENIX Pharma SE*), со седиште на Фингствајдштрасе 10–12, 68199 Манхајм, Германија. Групацијата ФЕНИКС е активна во трговијата со фармацевтски производи и медицински помагала во 29 земји низ Европа и вработува приближно 49.000 луѓе.

Групацијата ФЕНИКС има две зависни друштва регистрирани во Северна Македонија:

-**ФЕНИКС Фарма ДООЕЛ**[1] со регистрирано седиште на Јадранска Магистрала 31, Скопје, Бутел, Северна Македонија и приоритетна дејност - трговија на големо со фармацевтски производи;

-**Европа Лек Фарма ДОЕЛ** со регистрирано седиште на Јадранска Магистрала 31, Скопје, Бутел, Северна Македонија и приоритетна дејност - неспецијализирана трговија на големо.

-**ХАЕМАТО Фарм ГмбХ** е специјализиран трговец на големо за специјални производи (анг. *short-line wholesaler*) што дистрибуира скапи лекови за ХИВ/СИДА, неврологија, онкологија, ревматологија и офталмологија, и снабдува со (паралелен) увоз од ЕЕО и со препарати одобрени во Германија до големопродажни места и аптеки во Германија и Австрија.

ХАЕМАТО Фарм ГмбХ не е ниту активен, ниту генерира промет во Северна Македонија.

<u>Релевантни пазари</u>

Предложената трансакција потенцијално се однесува на пазарот за трговија на големо на фармацевтски производи во Северна Македонија и нема никакви ефекти врз пазарот во Северна Македонија, бидејќи Целното друштво ниту е присутно ниту генерира промет во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

---

[1] ФЕНИКС Фарма ДООЕЛ е во процес на продажба на ВЕГА доо, која трансакција се планира да се комплетира до крајот на октомври 2025 година. Соодветната концентрација беше одобрена од Комисијата под број на предмет: Уп. бр. 08-55, од 3 април 2025 година.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

31.10.2025 година

Скопје